Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

08.05 мај, 2026

Архивски број : 67-424/14

ДО:
СУБЈЕКТ (НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА)

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10MW КО ЕРЦЕЛИЈА-ВОНГРАД И КО ЕРЦЕЛИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Почитувани,

Во врска со член 49-а од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Република С. Македонија бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Ве известуваме за одржување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10MW КО ЕРЦЕЛИЈА - ВОНГРАД И КО ЕРЦЕЛИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општина Свети Николе.

Јавната презентација ќе трае од 15.05.2026 година до 25.05.2026 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Соопштението за организирање на јавната презентација е објавено во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општина Свети Николе. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, на е-адресата info@mtc.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на планското решение кое ќе се одржи на ден 20.05.2026 година (среда) во 10.00 часот во просториите на Министерството за транспорт на четврти кат во сала за состаноци.

Со почит,

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил: Илина Лалкова, диа
Помошник раководител на Сектор за уредување на просторот